2026007078

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20, 16/25 и 156/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јануари 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Оваа програма е наменета за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија за 2026 година.

Потребните средства за реализација на оваа програма во износ од 186.000.000 денари се предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година во раздел 18001-Министерство за култура и туризам, потпрограма 12-Промоција и поддршка на културата и туризмот од кои 150.000.000 денари се предвидени во ставка 462-Субвенции за приватни претпријатија, сметка 631 и 36.000.000 денари кои се предвидени во ставка 464-Разни трансфери, сметка 631.

Член 2

Средствата од член 1 став 2 од оваа програма се наменети за промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка, активности за поддршка на туризмот и за субвенционирање на странски организиран туристички промет и тоа:

а) За промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка се наменети вкупно 23.200.000 денари, и тоа за:

1. Учество на меѓународни туристички саеми во: Мадрид, Истанбул, Лондон, Берлин, Белград и други градови согласно потребите, барањата и директното учество на туристичкиот сектор на Република Северна Македонија

15.000.000 денари;

2. Организирање и учество на роуд-шоуа и Б2Б настани во странство, во соработка со приватниот сектор на Република Северна Македонија со цел зајакнување и отварање на нови туристички пазари кои се од значење за развојот на туризмот во земјава, преку промоција на севкупната туристичка понуда адаптирана на странските туристички пазари и потребите на туристите и тоа: роуд-шоуа - Полска, Германија, Шпанија и др. и Б2Б настани - New deal Europe- Лондон

2.000.000 денари;

3. Организација и учество на промотивни, туристички и бизнис настани на далечни пазари (азиски и американски) во соработка со амбасади, авиокомпании и други меѓународни организации, кои претставуваат потеницијал за долгорочен раст и стратешко градење на туристичкиот углед на Република Северна Македонија, со цел поддршка на тур операторите и реализација на интензивна промоција на севкупна туристичка понуда

1.500.000 денари;

4. Организирање на презентации и работни средби со странски тур оператори, денови на туризам на Република Северна Македонија во странство, маркетинг кампањи преку реализација на информативни патувања за домашни и странски туристички инфлуенсери, блогери, влогери, новинари и медиуми (организација на настани и тури кои произлегуваат од реализирани презентации и работни средби на саемски манифестации), запознавање со туристичките потенцијали, промоција на туристичките дестинации и производи, како и постигнување на одредено ниво на препознатливост и конкурентност на туристичките производи на Република Северна Македонија

2.000.000 денари;

5. Редизајн, реизработка и печатење на промотивен материјал (брошури, водичи, регионални и национални туристички мапи во хартиена и електронска форма) за потребите на владини институции и туристичкиот сектор, а со цел промоција на туристички региони, дестинации и конкретни туристички производи

2.500.000 денари;

6. Редизајн, надградба, одржување и уредување на официјалниот туристички портал на Република Северна Македонија: www.northmacedonia-timeless.com

200.000 денари;

б) За активности за поддршка на туризмот се наменети вкупно 12.800.000 денари и тоа за:

1. Проект „Застани и истражувај", со фокус на задржување на транзитните патници по коридорот Е-75, развивање на паметна мобилна апликација, промоција на неискористениот туристички потенцијал преку QR кодови поставени на гранични премини, патарини, билборди и останати туристички локации

3.100.000 денари;

2. Проект за поттикнување и развој на Меморијален туризам, креирање на туристички програми за меморијални патеки со мапи, водич и е-водич, валоризајација на културно – историско наследство кое е базирано на Првата светска војна, преку соработка со меѓународни организации

60.000 денари;

3. Создавање на национален бренд идентитет (осмислување на лого и слоган) и организирање на државна кампања за туризам и визуелизација на бренд идентитет на Република Северна Македонија, преку конзистентна визуелна и комуникациска платформа

2.000.000 денари;

4. Зголемена и интензивирана соработка во доменот на меѓународната комуникација, плаќање на членарини во големите и значајните туристички организации и институции кои придонесуваат за развој на туризмот како Светската туристичка организација, Европската патничка комисија, Централно европската иницијатива, како и билатералните соработки во областа на туризмот (потпишување на договори, регионални конференции, средби и др.)

3.440.000 денари;

5. Подготовка, изнаоѓање на партнери за изработка на Национална стратегија и Акциски план за развој на туризмот на Република Северна Македонија за 2027-2031 година

4.000.000 денари;

6. Одбележување на Светскиот ден на туризмот - 27 септември преку работилници за вмрежување на домашниот туристички сектор, панел дискусии и доделување на признанија во некоја од домашните туристички локации

200.000 денари и

в) За субвенционирање на странски организиран туристички промет се наменети вкупно 150.000.000 денари.

Член 3

Распределбата на средствата од оваа програма, согласно дефинираните активности и проекти од член 2 точки а) и б) од оваа програма, Министерството за култура и туризам ја врши според критериумите за рамномерен регионален развој.

Барателите на субвенции за странски организиран туристички промет од член 2 точка в) од оваа програма треба да достават:

- барање за добивање на субвенции за странски организиран туристички промет во писмена форма лично или преку пошта до Министерството за култура и туризам – Подрачно одделение за проекти и поддршка на туризмот - Струга, на пополнет образец, кој може да се обезбеди преку веб страната на Министерството за култура и туризам и

- потребна документација со која барателот докажува дека ги исполнува условите утврдени во Правилникот за начинот, видот и висината на субвенциите, како и формата и содржината на барањето за добивање на субвенции и потребната документација за странскиот организиран туристички промет.

За спроведување на активностите за добивање на субвенции за странски организиран туристички промет од член 2 точка в) од оваа програма од страна на министерот за култура и туризам се формира комисија од шест члена и нивни заменици, како и претседател и заменик претседател од редот на вработените во Министерството за култура и туризам – Подрачно одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга.

Пристигнатите барања се разгледуваат од страна на Комисијата од ставот 3 на овој член и за уредните барања му предлага на министерот за култура и туризам да донесе решение за исплата на субвенции за странски организиран туристички промет.

За барањата кои немаат уредна и комплетна документација со која се докажува дека се исполнети условите, Комисијата од ставот 3 на овој член до барателот доставува известување за комплетирање на документацијата во рок од 15 дена од денот на доставувањето на известувањето.

Барателите на субвенции кои нема да ја комплетираат документацијата во рокот од ставот 5 на овој член, како и во продолжениот рок согласно член 94 став (2) од Законот за општата управна постапка, не може да се стекнат со субвенции за странски организиран туристички промет.

Член 4

За реализирањето на оваа програма ќе се грижи Министерството за култура и туризам.

Член 5

Министерството за култура и туризам за реализираните активности ќе достави извештај до Владата на Република Северна Македонија, како и за постигнатите резултати со образложение за евентуални отстапувања од планираните активности заклучно со 30 јуни 2027 година.

Член 6

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-320/5
13 јануари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.